Почитувани,

Борд на Европски Студенти по Технологија – Скопје (БЕСТ – Скопје), е непрофитабилна и неполитичка организација, организирана и водена од студенти. Како дел од Board of European Students of Technology (BEST), своите цели ги остварува преку бројни проекти во соработка со Универзитетите и компаниите во цела Европа се со цел да понуди квалитет на работодавците.

На студентите им дава можност да го прошират своето знаење за теми кои го надополнуваат нивното образование преку организирање академски курсеви, инженерски натпревари, симпозиуми за едукација, тренинзи и културни размени. Од друга страна, БЕСТ исто така се стреми да го прошири пазарот на трудот преку саеми за вработување и кариера, работилници воедно и водење на интернационален центар за кариера. Всушност, наша цел е континуирано да допринесуваме кон зближување на триаголникот ***„студенти – универзитети – компании“***, со цел да се прошири пазарот на трудот и да се подобри квалитетот на знаење кај студентите.

Саемот за вработување и кариера - Job Fair е најголемиот настан кој го организира БЕСТ- Скопје, со цел да се оствари подобар контакт помеѓу студентите и компаниите. Студентите преку оставање на своето CV во нашата датабаза можат да дојдат до пракси и вработувања во компанија која соодветсвува со нивната насока на стручност.

**Настанот се одржува по дванаесетти пат и ќе трае од 4 до 10 мај. Ќе започне со официјално отворање и networking настан на 4 мај во Амфитеатарот на ТМФ од 12:00, а потоа следуваат денови на штандови на Градежен и Архитектонски факултет на 5 и 6 мај, и на Кампусот Технички факултети на 9ти и 10ти мај, со почеток од 10:00.**
На овие денови, студентите ќе можат да им пристапат на претставниците од компаниите со цел да се информираат подетално или да се консултираат, како и да побараат одговор на голем број прашања. Компаниите пак, ќе имаат шанса да ја презентираат својата работа пред студентите и со тоа да добијат млад, квалитетен и амбициозен работен кадар во иднина.

Компаниите се исто така видно заинтересирани за соработка со студентите и за квалитетен работен кадар. Доколку студентите се заинтересирани за ваквиот вид на соработка со компаниите се што треба да направат е да го остават своето CV на официјалната веб страна www.jobfair.org.mk. Кратките биографии потоа стануваат дел од датабазата до која имаат пристап сите компании учеснички.
Заинтересираните студенти можат да го посетат саемот во предвидените денови, да го остават своето CV и да се приближат чекор поблиску до својата кариера!

За подетални информации за распоредот можете да погледнете на www.jobfair.org.mk или на евентот на Facebook:
https://www.facebook.com/events/223990544626868/?active_tab=highlights

Бојана Анѓелковска
*PR Responsible for JobFair '16*